**Прилеп,**
**Наш број: 10-661/5 од 16.12.2024 год.**

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог заклучок за одобрување на проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште ) со капацитет до 1 MW, на ГП 01, на дел од КП бр. 189/1, КО Волково, Општина Прилеп**, со тех.бр.12/2024 од Јули 2024 година, изработена од ДППУ „ПРОБЕЛА" ДООЕЛ - Прилеп, со површина на плански опфат од 0.9004 ха, Градоначалникот на Општина Прилеп, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА, проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште ) со капацитет до 1 MW, на ГП 01, на дел од КП бр. 189/1, КО Волково, Општина Прилеп**, со тех.бр.12/2024 од Јули 2024 година, изработена од ДППУ „ПРОБЕЛА" ДООЕЛ - Прилеп, со површина на плански опфат од 0.9004 ха, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП, со број 66698.

## Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Планска програма заведено под арх. бр. 10-661/3 од 27.11.2024 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 66698. Кон барањето беа приложени проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште ) со капацитет до 1 MW, на ГП 01, на дел од КП бр. 189/1, КО Волково, Општина Прилеп, изработена од ДППУ „ПРОБЕЛА" ДООЕЛ - Прилеп, со технички број 12/2024 од Јули 2024 година, со површина на плански опфат од 0.9004 ха, Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до Градоначалникот на Општина Прилеп достави Предлог – заклучок за одобрување на Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители" бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk

се градат на земјоделско земјиште ) со капацитет до 1 MW, на ГП 01, на дел од КП бр. 189/1, КО Волково, Општина Прилеп.

Врз основа на претходнонаведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Прилеп утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).

Правна поука:

Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Борче Јовчески**

Borche Jovcheski

Digitally signed by Borche Jovcheski
Date: 2024.12.17 14:51:34 +01'00'


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk